**сомун** - вид на бел леб (**љеп**) од брашно од пченица (**ченца**) печен во фурна. Во Лешок, фурнаџија беше аџо Борис - Праник, кој печеше леб во векни (*љеп у векне, кој го викафмо **сомун*** ). Има македонска поговорка( *у Солуна грош сомуна, до Солуна сто сомуна*), **в. љеп, Солун,**
**сосрамиф** - се осрамив, се посрамотив,
**сосригал** - се остріжал, да се отстрани косата на главата потполно. **в. осригал,**
**сотруф** - се отрув,
**сосфе** - сосе, со, заедно,
**соу** - сол
**софра** - округла маса со ногарињa за јадење, **в. синиа,**
**Сошје** - место на Шара на една падина која води на патот од Брезно кон Вртишта.
**спањак** - спанаќ, зелје,
**спасрен** - човек кој е убаво среден, дотеран, стокмен, **в. дејдисан,**
**спечаљени** - заработени пари,
**спипиље** - бавен во реагирање, млитав во работата, човек заспан со умот, не е снаодлив,
**Спиридон** - Светецот Св. Спиридон. **в. Спиро,** Спиrooj, Спироски,
**Спиро** - машко име, добиено по светецот **Св. Спиридон,** на кого моштите му се на островот Крф, Грција на Јонско море. Името симболизира богатство и моќ. Во 1999 г. со семејството бевме на Крф и се поклонив на моштите на светецот Спиридон. Славата Св. Спиридон се слави на 25 декември секоја година, а овој светец е заштитник на повеќе занаети (калајџии, кондураџии, самарџии и др.). Во Старо село, Долни Полог, општина Јегуновце, има црква Св. Спиридон, која е заштитник на селото.


Св. Спиридон Чудотворец, фото, преземено

**Спирооj** - нова фамилија- лоза, **Спироски** од поповскиот род **Лалошои** од Лешок, кои се наследници на поп Спиро Онуфриевски. Спиро е син на јереј Онуфрие (поп Онче) и брат на Саро, Јасре, Ѓорче, Атанас, Ката и Ристана од шестото колено од родот Лалошооj. Од фамилијата на поп Спиро, во 2009 година, обработив вкупно 161 потомци. ( Р. бр. 1, стр. 347-348 и Р. бр. 4, стр. 88- 89).


Поп Спиро Онуфриевски, Лешок (1858 -1948)

Поп Спиро Онуфриевски бил активен член на ВМРО за време на Илинденското востание, а лежел затвор со браќата Јасре и Атанас за време на Сардисувањето на Лешочкиот манастир 1905 година. Види, ( Р. бр. 1, стр. 292- 297, 344- 352 и 658-669, ) и Прилог кон книгата, Табела, бр. 1, 2, 5, 6, 10,11 и 12, потоа во Р. бр. 2, стр. 112-218, Р. бр. 12, стр. 147-154 и Р. бр. 81, стр. 85- 113).



**Синовите** на поп Спиро ( Ѓиго Онуфриевски, Трпо Онуфриевски, Андро Попоски и Никола Онуфриевски) од родот Лалошои од Лешок

Многу потомци на поп Спиро, го носат презимето Спироски или Спировски (внуците: Живко Спироски, Слободан Спироски, Боре Спироски, Ѓоко Спироски, Божин Спироски, Миле Спироски, и др. правнуците: Душан Спироски, Стојан Спироски, Петре Спироски, Иван Спироси, Крсто Спироски, Мирко Б. Спироски, Мирко Ж. Спироски, Митко Спироски, Борчо Спироски, Радмила Спироска, (м. Тодоровска), пра-пра внуката Ирена Спироска и многу други правнуци и пра-пра внуци и чукун-чукун внучиња).



Боре Спироски, Миле Спироски, Ѓоко Спироски, Слободан Спироски, Живко Спироски и Томе Поповски, **внуците** на поп Спиро Онуфриевски од родот Лалошои од Лешок

Во оваа фамилија има многу учени лица (попови, учители, економисти, лекари, правници и др. Види, ( Р. бр. 1, стр. 344- 480, Р. бр.64 и 69, стр. 22 - 34 и стр. 96 -104 ). Од ова фамилија сме Генерација и заедно учевме со Рада Спироска- м. Тодоровска, Види: р. бр. 64 и 69, стр. 35-53, 80-94, стр.127 и стр. 159- 193). **в. Лалошои, Попооj, Онуфриевски, Ончееj,** [http://spiroski.com.mk/](http://spiroski.com.mk/)



Братучедите Рада Спироска (м. Тодоровска (1950 ) и Митко Спироски ( 1949) сме Генерација 1949/50 од Лешок, фото, М.С.

**Спироа љивада** - поклонет е дел од ливадата на селото Лешок за да се прошират гробиштата во Булино. **в. Буљино,**

**Спирооj коштање** - костенова и др. шума под Марков камен, на кои има заклучно со 2003 година 48 наследници. **в. Спирооj,**

**Спироски** - Спирооj, ова презиме го имаат потомците на поп Спиро Онуфриевски од родот Лалошои од Лешок. Во Лешок презимето Спироски го имаат и лица од родот Цокелооj од Лешок, таткото Стојан и синот Живко Спироски,. Заклучно со 2009 година, поп Спиро има 161 потомци, од **четири синови** (Ѓиго, Трпо, Андро и Никче), од кои има **осум** машки **внуци** ( Боре, Миле, Ѓоко, Слободан, Живко, Томе, како и Божин и Тодор, без портрети). Од **осумте** внуци поп Спиро има **13 машки правнуци** ( Душан, Мирко, Иван, Крсто, Мирко, Борчо. Митко, Петре, Стојан, Владо, Драго, Делко и Ратко- немав портрет). Подолу давам портрети на 12 правнуци на поп Спиро Онуфриевски, од кои 10 имаат презиме Спироски, еден се презива Попоски (Драго) и двајца Глигуровски ( Ратко и Делко).



Душан, Мирко, Иван, Крсто, Мирко и Борчо Сироски



Митко, Стојан, Петре и Владо Спироски и Драго Попоски и Делко Глигуровски

**спрасна** - маторица која е бремена со прасиња,

**спрвне** - да стаса тестото за месење и печење, да спрвне (ферментира) оскоруша, мушмула, **в. мушмуле, оскоруше,**